**Прилог 1**

( Образец ПП......)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 25.05.2022
13 | 701/1

До: Општина Демир Хисар
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Кога (последен пат) е извршена надворешна ревизија во општина Демир Хисар

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** Демир Хисар, [illegible].05 **2022 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 13-701/2
31.05.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 25.05.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со извршена надворешна ревизија во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со извршена надворешна ревизија во Општина Демир Хисар,.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 25.05.2022 година под архивски број 13-701/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација за надворешна ревизија

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 31.05.2022 година, под бр. 13-701/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА-

Последен пат надворешна ревизија од страна на Државниот завод за ревизија во Општина Демир Хисар е извршена во 2008 година а во април 2009 година е доставен конечниот извештај од овластениот државен ревизор.

Постетуваме дека Државниот завод за ревизија работи согласно своја Годишна програма.За тековната 2022 година во Општина Демир Хисар не е најавена ревизија од Државниот завод за ревизија.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување
со човечки ресурси

Република Северна Македонија ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

---------------------------------------------